АД за производство на алуминиумски полуфабрикати и фабрикати ТЕАЛ
Бр. 03-320/1
30.05 2025 год.
ТЕТОВО

# Записник од седница на Годишно собрание на акционери на АД за производство на алуминиумски полуфабрикати и фабрикати "ТЕАЛ" Тетово одржана на 30.05.2025

Седницата беше закажана во 12:00 часот и истата започна со работа во 12:00 часот. Седницата ја отвори Зоран Матески кој беше избран за Престедавач на седницата и им се заблагодари на присутните за изборот на Претседавач на седницата .
Г-динот Матески како записничар ја предложи Елена Шанцлиќ. Немаше друг предлог, никој не се јави за збор по што предлогот се стави на гласање. По извршеното гласање сите присутни се изјаснија "ЗА" нема "ПРОТИВ" ниту "ВОЗДРЖАНИ". Се констатира дека записничар на оваа седница е Елена Шанцлиќ.

Претседавачот предложи да се изберат бројачи на гласови, праша дали некој има предлог и бидејки немаше ги предложи Благица Милошевска и Елица Спировска по што предлогот се стави на гласање. По извршеното гласање сите присутни се изјаснија "ЗА" нема "ПРОТИВ" ниту "ВОЗДРЖАНИ". Се констатира дека Благица Милошевска и Елица Спировска се бројачи на гласови.

Претседавачот рече дека треба да се утврди дали седницата на Собранието на акционери има кворум и побара од бројачите на гласови да го утврдат тоа по што настана пауза од 5 минути.

По доставувањето на Извештајот од бројачите на гласови Претседавачот констатира дека Извештајот од бројачите на гласови е согласно со Акционерската книга на друштвото издадена на 30.05.2025 година.

Претседавачот констатира дека на Седницата на собранието на акционери се присутни 16 акционери со вкупно 42.510 акции што претставува 72,873452% од акции со право на глас по што се констатира дека се исполнети сите услови за одржување на седницата на Собранието на акционери.

Претседателот предложи да помине на разгледување Дневниот ред што беше објавен во јавниот повик.

Предложен беше следниов дневен ред:

**Процедурален дел**

Отварање на Собранието
1. Избор на председавач на Собранието
2. Избор на записничар
3. Избор на бројач на гласови

**Работен дел :**

1. Усвојување на Записникот од претходната Седница на Собранието на акционери;
2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото за деловната 2024 година;
3. Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2024 година;
4. Донесување на Одлука за распределба на финансиски резултати за 2024 година;
5. Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори;
6. Назначување на овластен ревизор на годишната сметка на Друштвото за 2025 година;

Претседавачот праша дали некој од присутните се јавува за дискусија за Дневниот ред. Бидејки никој не се јави за дискусија го стави предложениот Дневен ред на гласање. По извршеното гласање сите присутни се изаснија "ЗА" нема "ПРОТИВ" ниту "ВОЗДРЖАНИ". Претседателот констатираше дека едногласно со 42.472 акции со право на глас или 72,808310% од акциите со право на глас го усвои Дневниот ред.

Елица Спировска побара да влезе во записник дека акционерот Костовски Александар ја напушти Седницата на акционери пред да започне работниот дел и пред да ги потпише списоците за присутни акционери и затоа направивме нови списоци за пристуни во кои тој не е на нив.

Претседавачот констатира дека сега на Седницата на собранието на акционери се присутни 15 акционери со вкупно 42.472 акции што претставува 72,808310% од акции со право

на глас по што се констатира дека се исполнети сите услови за одржување на седницата на Собранието на акционери.

Собранието го започна својот работен дел.

1. За првата точка од работниот дел од дневниот ред Претседавачот истакна дека Записникот од претходната седница одржана на 31.05.2024 година беше достапен за сите на веб страната на Друштвото. Претседавачот Зоран Матески праша дали има прашања за записникот, бидејки никој не се јави за збор, претседавачот го стави записникот од претходната седница на усвојување. По извршеното гласање сите присутни се изјаснија "ЗА" нема "ПРОТИВ" ниту "ВОЗДРЖАНИ". Претседателот констатираше дека едногласно со 42.472 акции со право на глас или 72,808310% од акциите со право на глас го усвои записникот од претходната седница на собранието на акционери на АД ТЕАЛ Тетово.

2. По втората точка од дневниот ред Разгледување и усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи и годишен извештај за работата на друштвото за деловната 2024 година Претседавачот му даде збор на Никола Живојновиќ. Г-динот Живојновиќ објасни дека според Билансот на Успех оваа деловна година Друштвото ја заврши со загуба од 15.139.077,00 МКД. Оваа година за разлика од минатата приходите изнесуваа 202.708.098,00мкд а расходите 226.481.667,00мкд.
Елица Спировска побара повторно да се прочитаат податоците. Никола Живојновиќ повторно прочита дека според Билансот на Успех оваа деловна година Друштвото ја заврши со загуба од 15.139.077,00 МКД. Оваа година за разлика од минатата приходите изнесуваа 202.708.098,00мкд а расходите 226.481.667,00мкд.

Претседавачот праша дали некој има прашања или забелешки по истите.
За прашање се јави акционерот Велковски Јован, праша колку е тоа во евра, Никола Живојновиќ одговори дека тоа се отприлика 250.000,00еур.

Претседателот ја стави Годишната сметка, финансиските извештаи и годишен извештај за работата на друштвото за деловната 2024 година на усвојување. По извршеното гласање сите присутни се изјаснија "ЗА" нема "ПРОТИВ" ниту "ВОЗДРЖАНИ". Претседателот констатираше дека едногласно со со 42.472 акции со право на глас или 72,808310% од акциите со право на глас ги усвои Годишната сметка, финансиските извештаи и годишен извештај за работата на друштвото за деловната 2024 година.

3. По третата точка на Дневниот ред Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2024 година. Претседавачот и даде збор на Наташа Трифуноска, вработена во ревизорската куќа БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО – ТЕТОВО која го изработи ревизорскиот извештај за АД ТЕАЛ Тетово за 2024 година. Во однос на извршената ревизија Г-ѓа Трифуноска се изјасни дека мислењето за работата на друштвото е позитивно, објасни дека финансиските извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти финансиската состојба на АД ТЕАЛ Тетово за 2024 година.

Никој друг не се јави за збор. Претседавачот го стави Извештајот од извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2024 година на усвојување. По извршеното гласање сите присутни се изјаснија "ЗА" нема "ПРОТИВ" ниту "ВОЗДРЖАНИ". Претседателот констатираше дека едногласно со со 42.472 акции со право на глас или 72,808310% од акциите со право на глас го усвои Извештајот од извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2024 година.

4. По четвртата точка на Дневниот ред за одлучување за употреба и распоредување на загубата од Годишната сметка за 2024 година во износ од 15.139.007,00 МКД. Се предлага загубата да се распореди во акумулирана загуба во износ од 15.139.007,00 МКД.

Претседавачот праша дали има некој прашања по оваа точка. Бидејки никој не се јави за збор, Претседавачот предложи остварената загуба да се распредели во акумулирана загуба, предлогот беше ставен на гласање. По извршеното гласање сите присутни се изјаснија "ЗА" нема "ПРОТИВ" ниту "ВОЗДРЖАНИ". Претседателот констатираше дека едногласно со со 42.472 акции со право на глас или 72,808310% од акциите со право на глас ја усвои Одлуката за распределба на осварената загуба за 2024 година во акумулирана загуба.

5. По петтата точка од Дневниот ред за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори Претседателот на Собранието му даде збор на г-динот Сотир Чорбаџиев. Г-динот Чорбаџиев објасни дека оваа година Одборот на Директори постојано ја следеше

состојбата на на Друштвото. Имаше неколку застои во текот на годината, потешкотии за наоѓање на нови пазари и рекламации за испорачаните профили. Имавме намален обем на нарачки тоа беше заради постојното зголемување на цената на алуминиумот како и премиите за доработка.

Претседавачот праша дали некој има дополнителни прашања или забелешки по точкава. Бидејки никој не се јави за збор, Претседавачот работата на членовите на Одборот на директори ја даде на гласање. По извршеното гласање сите присутни се изаснија "ЗА" нема "ПРОТИВ" ниту "ВОЗДРЖАНИ". Претседателот констатираше дека едногласно со со 42.472 акции со право на глас или 72,808310% од акциите со право на глас ја усвои работата на членовите на Одборот на директори.

6. Претседавачот напомена дека Друштвото доби 3 понуди од следниве компании: Бенд Ревизија и Консалтинг Тетово, Расел Бедфорд Атанасовски и ТП за ревизија Котев Гевгелија. За нивните ревизорски услуги Бенд Ревизија и Консалтинг понудија 3.500,00 ЕУР во денарска противвредност, Расел Бедфорд Атанасовски 4.500,00 ЕУР во денарска противредност и Котев понудија 4,000 ЕУР во денарска противредност.
Претседавачот обасни дека најповолна е понудата на Бенд ревизија и Консалтинг и ја предложи истата да биде одбрана за годишната ревизија за 2025 година. Претседателот праша дали некој сака нешто да праша во врска со понудите. Бидејки никој не се јави за збор предлогот Бенд Ревизија и Консалтинг Тетово да се назначи за овластен ревизор на годишната сметка на Друштвото за 2024 година беше ставен на гласање По извршеното гласање сите присутни се изаснија "ЗА" нема "ПРОТИВ" ниту "ВОЗДРЖАНИ". Претседателот констатираше дека едногласно со со 42.472 акции со право на глас или 72,808310% од акциите со право на глас ја усвои одлуката за предлогот Бенд Ревизија и Консалтинг Тетово да се назначи за овластен ревизор на годишната сметка на Друштвото за 2025година.

Претседавачот им се заблагодари на присутните за нивното присуство и ја затвори седницата.

Седницата заврши во 12:20 часот

Записничар
Елена Шанцлиќ

Претседавач на собрание на акционери
Зоран Матески

Тетово
30.05.2025